Република Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-5522/1
26.10.2018 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14 и 15/18), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 22-та седница на Советот**
**на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 02.11.2018 година (петок) во просториите на Општина Велес со почеток во 12:00 часот.

-Усвојување на записник од 21-та седница на Советот на Општина Велес.

За седницата го предлагам следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. Советнички прашања
2. Предлог-одлука за доделување на 9-то Ноемвриските награди и признанија на Општина Велес за 2018 година.
3. Предлог-одлука за доделување на награда за животно дело „Гемиџии“ за 2018 година.
4. Предлог-одлука за доделување на награда за најстудент„Професор д-р Ѓорѓи Шоптрајанов“ за 2018 година.
5. Предлог-одлука за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Башино Село-вон градежен реон.
6. Предлог-одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес.
7. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г2 (лесна индустрија), Г3 (сервиси) и Г4 (стоваришта) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село.
8. Предлог-одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена заштитно зеленило (З3) на муслимански гробишта (МГ) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес
9. Нацрт-програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2019 година.
10. Нацрт-програма за изработка на Урбанистички планови во Општина Велес за 2019 година.
11. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управувањето со кризи во 2019 година.
12. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој во 2019 година.
13. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ) во 2019 година.
14. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина во 2019 година.
15. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година.
16. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2019 година.

17. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2019 година.
18. Нацрт -програма за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита во 2019 година.
19. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2019 година.
20. Нацрт-програма за активностите на општина Велес за поддршка на младите во 2019 година
21. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2019 година.
22. Нацрт-програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународна соработка во 2019 година.
23. Предлог-мерки за контрола на аеро-загадувањето од страна на индустриските капацитети во Општина Велес.
24. Предлог-решение за разрешување и именување на претставници од Општина Велес за членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти „Парк – Спорт“ – Велес.

**Напомена:** Материјалите по точка 9 до 22, ќе Ви бидат дополнително доставени.

Со почит,

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р